ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 007
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: farmacija@fzo.org.mk

# НОВИ ЦЕНИ НА ЛЕКОВИ НА РЕЦЕПТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ

Во врска со новите референтни цени на лековите на рецепт од позитивната листа кои стапија во сила од 01.05.2010 година, ја информираме јавноста во Република Македонија дека од **вкупно 383 генерики** Фондот за здравствено осигурување на Македонија обезбеди за своите осигуреници **најмалку 209 лекови по генерики БЕЗ ДОПЛАТА.** Тоа претставува зголемување за неверојатни 171 % на бројот на лекови по генерики без доплата. Да потсетиме дека пред отпочнување на процесот за дефинирање на новата методологија на Фондот за утврдување на референтни цени во Македонија, како и утврдувањето на новите референтни цени, за осигурениците беа достапни **само 77 лекови по генерики без доплата**, а во рамки на истите финансиски средства. **Со ова потенцираме дека во рамките на истиот буџет за лекови , на осигурениците им се обезбедуваат поголем број на расположливи лекови што е крајна цел на ФЗОМ.**




**Табела 1: Споредба на лекови без доплата по генерики 2009/2010 г**

Притоа, ФЗОМ ги намали референтните цени на 118 генерички имиња, ги зголеми референтните цени на 106 генерики, а остануваат непроменети 140 генерики, **со краен глобален ефект поголем број на генерики без доплата за нашите осигуреници.**

**Од вкупниот број на лекови со нови референтни цени со доплата, поголем дел односно околу 64% СЕ СО ДОПЛАТА ДО 100 ДЕНАРИ, со доплата до 500 денари се 27% од лековите, а над 500 денари се само 9% од лековите, што е значително подобрување.**

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 007
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: farmacija@fzo.org.mk




**Табела 2: Споредба на лекови по доплата**

ЗАКЛУЧОК: ОД ЛИСТАТА НА ЛЕКОВИ ДОМИНАНТЕН БРОЈ НА ЛЕКОВИ ПОЕФТИНИЈА ЗА ОСИГУРЕНИЦИТЕ.

ПРАШУВАМЕ: КАКО Е МОЖНО СО СКОРО 3 ПАТИ ПОВЕЌЕ ЛЕКОВИ БЕЗ ДОПЛАТА ОД 01.05.2010 ЛЕКОВИТЕ ДА СЕ ПОСКАПИ?

Од анализираните околу 990 лекови по заштитени имиња, пред воведување на новите референтни цени дури, 370 лекови по заштитени имиња во РМ беа со единствени цени над 100% просечна споредбена цена по генерика од земјите во регионот и тоа:

- 67 лека – **од 100% до 579%** поскапи од цените во регионот
- 82 лека –**од 50% до 100%** поскапи од цените во регионот
- 80 лека – **од 20% до 50%** поскапи од цените во регионот
- 141 лек **до 20%** поскапи од цените во регионот

**На почетокот на овој голем проект, Фондот запраша зошто 40% од лековите на рецепт во Р. Македонија се поскапи од Словенија, Србија, Бугарија и Хрватска. Зошто Македонецот за ист лек да плаќа преку Фондот или преку доплатата ДО ПЕТ ПАТИ повеќе во однос на другите земји, во чиј интерес е ваквата состојба?**

Преку транспарентна постапка за утврдување на референтни цени на лекови и преговарање со добавувачите, **ФЗОМ СЕГА ги овозможува следните лекови по генерика без доплата**: Ranitidine tabl.150mg; Omeprazol tabl. 20mg; Metformin tabl.

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 007
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: farmacija@fzo.org.mk

500mg; Colecalciferol sol. 4000IU/ml; Digoxin tabl.0.25mg, Amiodarone tabl. 200mg; Atenolol tabl. 100mg; Amlodipin tabl. 5mg и 10mg; Levothyroxin tabl. 25mcg, 50mcg;75mcg;100mcg; Cefixime tabl. 400 mg и susp. 100mg/5ml и многу други лекови .
Прегледот на генериките без доплата е објавен на web-страната на Фондот.

Потврда за оправданоста за воведување на оваа методологија и новите референтни цени е реакцијата на **производителите на лекови** кои, од почетокот на овој проект до денес (дури и по воведување на новите фондовски цени), **ги намалуваат единствените цени на некои лекови (цени во аптеките)** од нивните производни палети кои се на нашиот пазар. Досега според добиените податоци се намалени дури 78 лекови по заштитени имиња. Со ова дополнително ФЗО во тесна соработка со производителите обезбедува уште поефтини лекови ( намалени од 20% до 82%).

Некои од лековите со намалена единствена цена се: ANDROCUR табл.50mg, BONVIVA табл. 150mg, PANCEF сусп.100mg/5ml(100ml), CIKLOSPORIN ALKALOID капс. 25mg, ROCALTROL капс. 0,5mcg, CELLCEPT табл. 500mg и други.

Со евентуално натамошно намалување на единствените цени на лековите, осигурениците ќе добијат уште повеќе лекови без доплата или со намалена доплата.

Заложба на Фондот е сите осигуреници да бидат **правилно и целосно информирани од страна на здравствените работници** и да ги користат бенефитите за кои Фондот се залагаше и во иднина ќе се залага.

ПРАВО НА ПАЦИЕНТОТ Е ДА БИДЕ ИНФОРМИРАН ЗА СИТЕ МОЖНОСТИ.

ОБВРСКА НА ЛЕКАРОТ Е ДА ГО ИНФОРМИРА ПАЦИЕНТОТ ЗА ЛЕКОВИТЕ БЕЗ ДОПЛАТА ОД ГЕНЕРИКИТЕ, А САМИОТ ДА МУ ПРЕПОРАЧА СООДВЕТНА ТЕРАПИЈА.

ОБРВРСКА НА ФАРМАЦЕВТОТ Е ДА ГО ИНФОРМИРА ПАЦИЕНТОТ ЗА ЛЕКОВИТЕ БЕЗ ДОПЛАТА. ДОКОЛКУ ГО НЕМА БАРАНИОТ ЛЕК ВО АПТЕКАТА, ФАРМАЦЕВТОТ ИМА ДОЛЖНОСТ ДА МУ ПОНУДИ НА ОСИГУРЕНИКОТ БАРЕМ ЕДЕН ЛЕК ОД ПРОПИШАНАТА ГЕНЕРИКА.

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 007
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: farmacija@fzo.org.mk

Вашите прашања , забелешки и поплаки можете да ги доставите на бесплатната инфо линија на тел. бр. 080033222, на e-mail адресата info@fzo.org.mk или на адреса Фонд за здравствено осигурување на Македонија ул.Македонија бб, Скопје.